**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Бр. 12-4459/4

Скопје 08.11 2018г.

**До:**
**Адвокат Љупчо Докузов,**
**ул. „Тошо Арсов“, бр.36, Штип,**
**полномошник на**
**Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип**

**Предмет**: Одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитуван,

Во врска со Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер, доставено до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на ден 10.10.2018 година, заверено со наш бр.12-4459/1 од 10.10.2018 година, со кое барате да ви се достави одредена информација од јавен карактер, Ви доставуваме:

- Одлука за начинот на пресметување на износот за користење на податоците од мерењето (како Прилог бр.1), на основачите на Стопанската интересна заедница Комитет за мерење на публиката во Република Македонија Скопје, донесена на ден 01.03.2018 година.

Со почит,

Прилог: (1)

Службено лице при остварување на правото
на слободен пристап до информации,

Цветанка Митревска

**Имател на информација**
**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

Доколку за времетраење на Договорот за мерење на телевизискиот аудиториум ОДУбр.162/17 од 28.09.2017 година солемнизиран пред Нотар Симон Зафироски од Скопје се зголеми бројот на ТВ канали над кои се спроведува ТАМ, односно доколку ТАМ треба да се спроведе над повеќе од 12 ТВ канали, а најмалку до 48 ТВ канали/станици, за секој нареден ТВ канал кој може да биде вклучен во мерењето цената на услугата ќе се зголемува за 56.000,00 денари (без ДДВ) по ТВ канал/станица на месечно ниво, односно за 672.000,00 денари (без ДДВ) по ТВ канал/станица на годишно ниво.

Вкупниот договорен годишен надомест ќе се усогласува на годишно ниво, секој јануари, согласно официјалните податоци за инфлација за претходната година во Република Македонија, објавени од страна на Државниот завод за статистика на Р. Македонија, доколку инфлацијата е повисока од 0,5 %.
Во период на висока инфлација (период во кој применливите, локални индекси на потрошувачките цени, кои ќе бидат објавени од страна на Organisation de Coopération et de Développement Économiques ("Index"), ќе покажуваат зголемување со минимална стапка над 1,25 % месечно), истражувачка агенција која ќе го спроведува мерењето на на телевизиската гледаност (ТАМ) и Комитетот може да го зголемат износте на надоместокот за услугите за процентот на зголемување на индексот, се додека плаќањето не биде извршено од Корисникот.

**Член 3**

Со оваа Одлука се утврдува следниот начин на пресметување износот што за користење на податоците од мерењето треба да го плати секој член на Комитетот и сите корисници на податоците од електронското мерење на публиката кои не се членови на Комитетот:

- ТВ станиците се обврзуваат и гаранатираат плаќање на 80% од определениот надомест за предметната услуга - истражување и електронско мерење на телевизиската гледаност (ТАМ) на територијата на Република Македонија ( 40% ВГИ-вкупен годишен износ/БрТВ-број на ТВ станици кои имаат потпишано договор + 40% ВГИ * ДСХР%-удел во гледаноста);
- Маркетинг агенциите и другите Корисници се обврзуваат и гаранатираат плаќање на 20% од договорениот надомест за предметната услуга - истражување и електронско мерење на телевизиската гледаност (ТАМ) на територијата на Република Македонија.

Поединечниот корисник е должен надоместокот за истражување и електронско мерење на телевизиската гледаност (ТАМ) на територијата на Република Македонија на Комитетот да му го исплати врз основа добиена фактура од Комитетот со валута од 30 дена.

**Член 4**

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Основачи**
**Содружници :**

*1. За Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ- М ДОО Скопје*

*Полномошник*

*Љирим Хајредини*

Врз основа на чл.15 од Упатството за начинот на мерење на гледаноста и слушаноста на програмите, односно програмските сервиси на радиодифузерите во Република Македонија донесено од Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Сл. весник на Република Македонија број 198/2014 и број 219/2015), основачите на Стопанска интересна заедница КОМИТЕТ ЗА МЕРЕЊЕ НА ПУБЛИКАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Скопје со седиште на бул.Крсте Мисирков бр.11-1 кат 2 канц.4 Скопје-Центар со ЕМБС:7013736 и ЕДБ:4080015549376, Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ- М ДОО Скопје, со седиште на бул.Крсте Мисирков бр.7 ламела Ц-9 кат ДТЦ/Мавровка, Скопје-Центар, со ЕМБС:5887364 и со ЕДБ:4030004515790, застапувано од управител Ферик Велија од Гостивар преку полномошник Лирим Хајредини од Скопје, со живеалиште на ул.Митрополит Теодосиј Гологанов бр.147/2-4, Скопје-Карпош и ЕМБГ:0211978473033; Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.Скупи бр.145 Скопје – Карпош, со ЕМБС:5220793 и ЕДБ:4030998339376, застапувано од управител Иван Мирчевски од Скопје; Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.1732 бр.2, со ЕМБС:5225787 и ЕДБ:4030998352879, застапувано од управител Горан Глигоров од Скопје, Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.Качанички пат бб, Визбегово, Бутел, со ЕМБС:6423957 и ЕДБ:4030008049301, застапувано од управител Љубомир Николовски од Скопје, Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.Никола Парапунов бр.51, Скопје-Карпош, со ЕМБС:4887450 и ЕДБ:4030994259831, застапувано од управител Атанас Кировски од Скопје; Македонска Асоцијација на Агенции за маркетинг МААМ Скопје, со седиште на ул.Дебарца бр.10, Скопје – Центар, со ЕМБС:5686393 и ЕДБ:4030002457041, застапувано од претседател Сашо Пешев од Скопје и Игор Целебиќ од Скопје, на ден 01.03.2018 година ја донесоа следната:

## О Д Л У К А
## за начинот на пресметување на износот за користење на податоците од мерењето

**Член 1**

Со оваа Одлука основачите на Стопанска интересна заедница КОМИТЕТ ЗА МЕРЕЊЕ НА ПУБЛИКАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Скопје, ги утврдуваат правилата и начинот на којшто ќе се пресметува износот што за користење на податоците од мерењето треба да го плати секој член на Стопанска интересна заедница КОМИТЕТ ЗА МЕРЕЊЕ НА ПУБЛИКАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Скопје( во понатамошниот текст: Комитетот) и сите корисници на податоците од електронското мерење на публиката кои не се членови на Комитетот.

**Член 2**

Висината на надоместокот на услугата - истражување и електронско мерење на телевизиската гледаност (ТАМ) на територијата на Република Македонија изнесува вкупно 2.979.667,00 денари (или со зборови : два милиони деветстотини седумдесет и девет илјади шестотини шеесет и седум денари) без ДДВ месечно, односно 35.756.000,00 денари (или со зборови: триесет и пет милиони седумстотини педесет и шест илјади денари) без ДДВ годишно, а е утврдена врз основа на Одлука од 21.10.2015 година донесена од Собранието на Комитетот, за избор на најповолна понуда за истражувачка агенција која ќе го спроведува мерењето на на телевизиската гледаност (ТАМ) и опфаќа мерење на телевизиската гледаност (ТАМ) до 12 -дванаесет ТВ канали и инсталирање на аналитичкиот софтвер Arianna со најмногу 10-десет лиценци/пристапи кај секој поединечен Корисник и одобрена од Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со Одобрение број 03-659/2 од 03.02.2016 година, и врз основа на Договор за мерење на телевизискиот аудиториум ОДУбр.162/17 од 28.09.2017 година солемнизиран пред Нотар Симон Зафироски од Скопје.

2. *За Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје*

*Управител*

*Иван Мирчевски*

3. *За Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје*

*Управител*

*Горан Глигоров*

4. *За Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје*

*Управител*

*Љубомир Николовски*

5. *За Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје*

*Управител*

*Атанас Кировски*

6. *За Македонска асоцијација на Агенции за маркетинг МААМ Скопје*

*Овластено лице*

*Сашо Пешев*

Да се достави до:

- Стопанска интересна заедница КОМИТЕТ ЗА МЕРЕЊЕ НА ПУБЛИКАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Скопје, архива

- Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на РМ